Врз основа на член 383 став 1 точка 9, член 510 и 511 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово на седницата одржана на ден 30.09.2026 година ја донесе следната:

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-219/4
30. 09. 2026 год.
Тетово

О Д Л У К А
З А П Р Е О Б Р А З Б А

На акционерското друштво

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово

Во Друштво со ограничена одговорност

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово

1. СЕ УСВОЈУВА Одлуката за преобразба на Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо Жито Полог АД Тетово, со седиште во Тетово на улица Маршал Тито бр.134 Тетово со ЕМБС 4037634 во Друштво со ограничена одговорност, кое што продолжува да работи како правно лице во форма на Друштво со ограничена одговорност, на начин и услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

2. По извршената преобразба Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо Жито Полог ДОО Тетово, продолжува да работи со истото седиште во Тетово на улица Маршал Тито бр.134 Тетово, под истиот ЕМБС 4037634 и со истиот ЕДБ 4028987116516.

3. Фирмата на Друштвото коешто се преобразува гласи: Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово

- Фирмата на Друштвото во коешто се преобразува ќе гласи: Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово

4. Акционерите кои ќе се согласат да учествуваат како содружници во преобразеното друштво ќе бидат дефинирани по дадените изјави на акционерите за превземање на удел согласно член 513 од ЗТД.

5. Преобразбата на Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово се врши со оваа Одлука и Договор на друштво со ограничена одговорност - Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово, кој

ќе биде склучен од содружниците кои ќе дадат изјави за превземање на удел согласно член 513 од ЗТД во рокот утврден во јавниот повик од точка 9 од оваа Одлука. Предлог Договорот на друштво со ограничена одговорност е прилог кон Одлуката за преобразба и е нејзин составен дел.

6. Изјавите за преземање удел и за прифаќање на Договорот за друштвото со ограничена одговорност - Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово, дадени од акционерите на Записникот од Собранието заверен од Нотар, се составен дел на оваа Одлука.

7. Со Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово ќе управува управител како лице овластено за застапување и орган на управување според Договорот на Друштвото. Управителот се именува со Договорот за Друштвото - Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово. Составот и организацијата на органот на управување и надзор над работењето на Друштвото подетално ќе биде уреден со Договорот за друштвото.

8. Годишната сметка на Друштвото од 01.01.2026 година до 31.05.2026 година заедно со Извештајот на овластениот ревизор усвоени со денот на одлучувањето на преобразбата на Друштвото се составен дел во прилог на оваа Одлука.

9. Се задолжува Одборот на директори на Друштвото во рок од 3 (три) дена по одржувањето на Собранието на акционерите да објави јавен повик во најмалку еден дневен весник во кој ќе ги повика акционерите кои не присуствувале на Собранието да дадат изјави дали се согласуваат да преземат удели во Друштвото што ќе настане со преобразбата, во рок кој не може да биде покус од еден месец, но не подолг од два месеца од денот на објавувањето на јавниот повик. Акционерите кои не присуствувале на Собранието изјавата за преземање удел заверена кај нотар, можат да ја дадат најдоцна во рокот утврден во јавниот повик. Акционерите кои преку изјава дадена во писмена форма не се согласиле со преобразбата на Друштвото во ДОО, како и оние акционери кои не дале изјава во рокот утврден во јавниот повик, Друштвото е должно да му го откупи уделот според цена соодветна на усвоениот биланс на состојба утврден во одлуката за преобразба на друштво (понудена цена). Акционерите кои преку изјава дадена во писмена форма не се согласиле со преобразбата на Друштвото во ДОО, како и оние акционери кој не дале изјава во рокот утврден во јавниот повик, од Друштвото што се преобразува не можат да имаат други барања од имотот на друштвото што настанува со преобразбата, врз основа на преобразбата.

10. СЕ ЗАДОЛЖУВА Управителот на Друштвото да поднесе Пријава за упис во трговскиот регистар, преку овластен регистрационен агент-адвокат, на оваа Одлука за преобразба заедно со Договорот на Друштвото- Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово и другата потребна документација. По уписот на преобразбата во трговскиот регистар, Управителот стекнатиот удел во преобразеното Друштво и удели ги запишува во

Книгата на удели на Друштвото. Управителот во рок од 8 дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар да му даде налог на Централниот Депозитар за хартии од вредност да ја затвори акционерската книга.

11. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово

Претседавач на Собранието

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО